ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: ул.Македонија
бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**До: Лекарска комора на Република Македонија**

**Копија до:**

- **Здружение на приватни лекари на Република Македонија**
- **Здружение на лекари по општа медицина -семејна медицина**
- **Здружение на лекари албанци**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

1. Во врска со Вашиот допис бр. 15-8329/1 од 05.06.2018 година, во кој се повикувате на предлогот за дополнување на задолжителната ампуларна терапија во примарна здравствена заштита за дејноста општа медицина со антипиретикот во ампуларна форма amp. Paracetamol 1000 mg/6,7 ml, Ве информираме за следното:

Фондот за здравствено осигурување на Македонија **НЕМА направено** измени и дополнување на задолжителната ампуларна терапија за ПЗЗ - општа медицина за 2018 година –Прилог А од Договот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита – општа медицина.

Прилогот А е достапен на веб-страницата на ФЗОМ на следниот линк: http://www.fzo.org.mk/WBStorage/Files/Tabela%20za%20urgentna%20terapija2018.xls.

Согласно погоре наведеното, Фондот **НЕМА доставено** никакво известување до избраните лекари кое се однесува на промена на задолжителната ампуларна терапија за ПЗЗ - општа медицина за 2018 година –Прилог А .

Постапката за утврдување како и измена и дополнување на видот на ампуларната терапија содржана во Прилогот А- задолжителната ампуларна терапија за ПЗЗ - општа медицина за 2018 година, Фондот ја врши и во иднина ќе продолжи да ја врши по иницијатива на здруженијата на лекари во ПЗЗ, коморите или на Фондот. Утврдување на конечната листа на задолжителна ампуларна терапија се врши во соработка со сите засегнати страни.

За донесената одлука Фондот навремено ги известува избраните лекари преку објавување на соопштение на веб страната и порталот.

**2.** Во Вашиот допис во кој наведувате дека барањето на Фондот за ревизија на целите за 2017 година е неоправдано и неаргументирано, Ве известуваме за следното:

Известувањето за постапување по однос на планирањето и реализацијата на целите за 2016/2017 година од 23.05.2018, е објавено во делот Новости и соопштенија на web страната на ФЗОМ. Исто така известувањето е објавено на порталот на Фондот и истото е проследено електронски на е-маил адреси на лекарите од општа медицина. Со

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: ул. Македонија
бр.5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

известувањето се информираат избраните лекари дека треба да се усогласат во начинот на спроведување на одредени активности со своите програмерски куќи, во делот на планирање и реализација на целите за следење на хроничните заболувања. Поради тоа не станува збор за било каква ревизија на целите за 2017 година.

Како што е наведено во известувањето, се укажува дека со контролите на цели за 2017 година е воочен проблем во делот на планирањето, а со тоа и реализацијата кај трите цели:

-"Едукација на сите хронично болни осигуреници од дијабет"

-"Едукација на сите хронични болни осигуреници од бубрежни заболувања" и

-"Едукација на сите хронични болни осигуреници од кардиоваскуларни заболувања".

Активноста која е во тек и која Фондот ја побарува од избраните лекари е во насока да им се даде шанса да ја уредат и евентуално корегираат евиденцијата во нивните софтверски програми, како би можел Фондот да ги прифати корегираните планови за цели и да изврши контрола на нивната реализација.

Доколку не се постапи по известувањето, постои ризик поради неунифициран пристап од страна на програмерски куќи во евиденцијата на планирани и реализирани цели да се појави необјективно планирање на истите. Според процедурите на контролата на Фондот, во таков случај би била констатирана нереална реализација на овие цели и истите не би биле исплатени на избраните лекари.

Оттука, сметаме дека со давањето можност повторно да се разгледаат евиденциите на хронично болните осигуреници од дијабет, бубрежни заболувања и кардиоваскуларни заболувања од страна на избраните лекари и истите правилно да се внесат во нивните програми, ќе се надмине проблемот со прикажаната нереална реализација на истите.

Од тие причини сметаме дека активноста оди во прилог на избраните лекари, дотолку повеќе што веќе добиваме информации од подрачните служби на Фондот дека избраните лекари постапуваат по задолжувањето на Фондот.

Со почит,

Директор
**Данаил Дончев**

Директор
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Изготвил: Соња Златановска
Даниела Каркинска
Јасмина Смилевска
Ана Петрова

Согласен: Кристина Христова
Зоран Крајоски
Даниела Јовчевска Ѓуровска
Миле Сугарев